Архивски број: 0203-540
од: 28.04.2021 година

# Извештај за учество на собранија на акционери за месец април 2021 година

Сектор за инвестиции
14.04.2021

# Содржина

1. Општ дел ........ 3
2. Посебен дел ........ 4
   - Годишно акционерско собрание на Алкалоид АД Скопје ........ 4

Врз основа на член 6 од Политиката за гласање и присуство на собранија на акционери на издавачи на хартии од вредност во кои се инвестирани средствата на пензискиот фонд на Триглав пензиско друштво АД Скопје и член 8 од Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакции со хартии од вредност издаден од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Триглав Пензиско Друштво го составува следниот:

Извештај за учество на собранија на акционери во месец април 2021 година

## 1. Општ дел

Листа на издавачи во чии хартии од вредност се инвестирани средствата на Триглав Отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје и Триглав Отворен доброволен пензиски фонд – Скопје, а кои одржале собранија на акционери во текот на месец април 2021 година:

| Име на издавач | Датум на одржување на акционерско собрание | % на инвестирани средства во вкупна вредност на поврзани пензиски фондови | % на инвестирани средства во вкупни издадени хартии од вредност | Обврска за присуство и известување |
|---|---|---|---|---|
| Алкалоид АД Скопје | 05.04.2021 | 0,79% | 0,06% | да |

- Годишно акционерско собрание на Алкалоид АД Скопје

<u>Дневен ред</u>

Процедурален дел

1. Избор на претседавач со Собранието;

2. Избор на бројачи на гласови;

Работен дел

3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2020 година (единечен и консолидиран);

    -Предлог- Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи

4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година (единечни и консолидирани);

    -Предлог- Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година (единечни и консолидирани)

    -Предлог- Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2020 година

5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор;

    -Предлог -Одлука за усвојување на Извештаите

6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2020

година;

-Предлог -Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2020 година

7. Предлог -Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2020 година;

8. Предлог -Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар);

9. Предлог - Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;

10. Предлог - Одлука за отуѓување сопствени акции;

11. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година.

Претставник на Триглав Пензиско Друштво АД Скопје: гласањето на Собранието беше извршено со кореспонденција.

## 2. Посебен дел

Начин на гласање по точките од дневниот ред и останати информации од одржаните акционерски собранија:

- Годишно акционерско собрание на Алкалоид АД Скопје

| Точка на дневен ред | Начин на гласање | Коментар |
|---|---|---|
| Процедурален дел | | |
| 1.Избор на претседавач со Собранието; | ЗА | Усвоена одлука за избор на претседавач на Собранието. |
| 2.Избор на бројачи на гласови; | ЗА | Усвоена одлука за избор на бројачи на гласови. |
| Работен дел | | |
| 3.Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2020 година (единечен и консолидиран);<br>-Предлог- Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи | ЗА | Усвоена одлука за одобрување и усвојување на Годишни извештаи. |
| 4.Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година (единечни и консолидирани);<br>-Предлог- Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година (единечни и консолидирани) | ЗА | Усвоени одлуки за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година (единечни и консолидирани) и за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2020 година. |

| | | |
|---|---|---|
| -Предлог- Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2020 година | | |
| 5.Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор;<br>-Предлог -Одлука за усвојување на Извештаите | ЗА | Усвоена одлука за усвојување на Извештаитте за извршена ревизија од овластен ревизор. |
| 6.Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2020 година;<br>-Предлог -Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2020 година | ЗА | Усвоена одлука за одобрувње на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2020 година. |
| 7.Предлог -Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2020 година; | ЗА | Усовена одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2020 година. Од остварената нето добивка за 2020 година 50% ќе се распредели за дивиденда и данок на личен доход. |
| 8.Предлог -Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар); | ЗА | Усвоена одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар). Дивидендата за 2020 година по акција изнесува 400 денари бруто. Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2020 година е 20.04.2021 година. |
| 9.Предлог -Одлука за стекнување сопствени акции со откуп; | ЗА | Усвоена одлука за стекнување сопствени акции со откуп. |
| 10.Предлог -Одлука за отуѓување сопствени акции; | ЗА | Усвоена одлука за отуѓување сопствени акции. |
| 11.Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година. | ЗА | Усвоена одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година. Ревизорското друштво Deloitte ДОО Скопје ќе ја врши ревизијата на Друштвото за 2021 година. |

Според објавените резултати од гласањето по точките од дневниот ред на Годишното собрание на акционери, од вкупно 1.405.509 акции со право на глас на Собранието учествувале акционери со вкупно 859.858 акции со право на глас или 61,178% од вкупниот број на акции со право на глас. Сите точки од дневниот ред се усвоени со гласање „ЗА“ на 100% од присутните акционери со право на глас.